НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп
ул. „Александар Македонски", бр. 400, 7500 Прилеп, Република Северна Македонија
тел.+389(0)48 401 090 моб.+389 70 208 315 е-маил: muzejprilep@yahoo.com www.muzejprilep.org.mk

Република Северна Македонија
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ПРИЛЕП
Бр. 04-11/6
26.01 2026 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 45 од Закон за административни службеници („Сл. весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18) и („Сл. весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), во врска со објавениот Јавен оглас 914/2025 и конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и предлог за вработување на кандидати , директорот на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по објавен Јавен оглас**

1. **Дијана Дуртаноска** се избира од предложените кандидати по Јавен оглас за вработување на административен службеник во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, бр. 914/2025, шифра за работно место КУЛ 01 02 В04 012, Помлад соработник за документација, Одделение за правни, административни, општи работи и човечки ресурси; сектор за правни финансиски и општи работи.
2. Со именуваниот ќе се заснова работен однос по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
3. Оваа Одлука се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на објавен Јавен оглас 914/2025, на ден 31.07.2025 година во дневните весници: „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", како и на веб страната на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, спроведе постапка за вработување на работно место со шифра КУЛ 01 02 В04 012, Помлад соработник за документација, Одделение за правни, административни, општи работи и човечки ресурси, сектор за правни финансиски и општи работи. Комисијата за селекција за вработување спроведе административна селекција на ден 26.12.2025 година, на 15.01.2026 година спроведе испит за административен службеник и на ден 20.01.2026 година спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција до НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп беше доставена Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидати по јавен оглс 914/2025.

Врз основа на горенаведеното директорот на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:**

Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на нејзиното објавување на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

изработил:А.Аческа
Виш сораб.за правни работи

Доставено до:

- Архива
- Агенција за администрација
- избраниот кандидат

Директор
на НУ Завод и Музеј - Прилеп

Мимоза Христоска